Овој проект е финансиран од Европската Унија

2024

# ПОЛИСИ БРИФ

Препораки и предлог решенија за заштита на животната средина

Општина Ново Село

**Електронско издание:**
Препораки и предлог решенија за заштита на животната средина во рамки на проектот “Одржлива синергија за зајакнување на колективното еко влијание”

**Автор и издавач:**
Центар за истражување и анализи НОВУС - Струмица

**Дата и место на издавање:**
Мај, 2024 година, Струмица

Оваа анализа е дел од програмата за подгрантирање во рамки на проектот „Младински активизам за позелени општини“. Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија“. Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка на Европската Унија.

Содржината на публикацијата е целосна одговорност на авторот и на Здружението Центар за истражување и анализи НОВУС и не треба на било кој начин да се смета за одраз на официјалниот став на Европската Унија.

## Вовед:

Во овој документ се разгледува справувањето со еколошките предизвици, зелените политики и трудот за поттикнување на колективната одговорност за позелена иднина, со цел давање на јасни и концизни препораки за одржливи практики и еколошки политики.

Целта на овие препораки се да доведат до зголемена свест и разбирање за постоечките зелени политики и програми, идентификување на приоритетните еколошки проблеми, зголемена ангажираност на властите за заштита на животната средина, зголемена ангажираност на заедницата за колективна заштита на животната средина, зголемена вклученост на населението во креирање на локални политики за заштита на животната средина и зајакнување на капацитетите на младинските организации за застапување пред локалните власти за еко-проблемите.

Под зелена политика се подразбира политика поврзана со природата и сите живи организми, со цел на нејзина конзервација и заштита, како и создавање на еколошко одржливо општество.

# Позадина и контекст за еко проблеми и заштита на животната средина во општина Ново Село

Центарот за истражување и анализи НОВУС во рамки на проектот “Одржлива синергија за колективно еко влијание”, проект имплементиран во рамки на програмата за подгрантирање на проектот „Младински активизам за позелени општини’’финансиски поддржан од Европската Унија, спроведе истражување за јавното мислење на генералната популација од општина Босилово за еко проблемите со кои се соочува истоимената општина.

Истражувањето беше спроведено во декември 2023 г., преку анкетирање на испитаници над 18 годишна возраст, преку анкета  со отворени, полуотворени и затворени прашања, спроведена анонимно, на македонски јазик. Анкетата беше поставена во електронска форма на социјалните медиуми и на веб страната на ЦИА НОВУС а исто така беше спроведена и во физичка форма преку теренски истражувачи. За цел подлабоко истражување, беше направено и квалитативно истражување преку спроведување на две фокус групи, а беше направен и директен мониторинг на политиките и документите на општината, како и интервју со општина Василево во делот на политики и програми кои ги има спроведено или ќе ги спроведе за решавање на овој проблем.

Од спроведеното истражување на жителите на општина Ново Село, се доаѓа до заклучок дека жителите на општината се свесни за еколошките проблеми што постојат на нивната територија, меѓутоа сметаат дека општината не придонесува доволно за унапредување на животната средина.

Жителите се свесни за еколошкиот проблем меѓутоа тие не се запознаени со активни проекти и програми кои општината тековно ги спроведува за заштита на животната средина на локално ниво.

Неинформираноста на граѓаните за активностите на општината за заштита на животната средина произлегува претставува последница на високиот процент на изјави на жителите дека не се сигурни дека општината одржува транспарентност пред нив за проблемите од областа на животната средина.

На ова се додава и резултатот дека 63,3% од испитаниците не се запознаени, а дополнителни 26,7% не се сигурни дека постојат проекти и програмата кои општината ги спроведува за животната средина; 46,7 % не знаат и 30% не се сигурни дека општината одржува транспарентност пред граѓаните за оваа проблематика; а 66% од испитаниците не се запознаени и за средствата кои општина Ново Село ги издвојува од годишниот буџет за животната средина. Со овие резултати се поврзуваат и предлозите дадени од испитаниците за подобрување на еколошката состојба во нивното место на живеење.

Двете спроведени фокус групи, иако составени од различни учесници (првата повеќе од организации кои се фокусираат на еколошкиот проблем, додека втората од граѓани кои се исто така засегнати од овој проблем), исто така, го истакнуваат аерозагадувањето како примарен еколошки проблем, заклучок кој се потврдува и од анкетното истражување, но и од испитаниците на фокус групите.

Разликата на двете фокус групи е степенот на информираност помеѓу учесниците кои присуствуваа, со тоа што учесниците од организациите посветени на заштита на животната средина се далеку поинформирани за еко проблемите, за мерките и за можностите за нивно решавање, отколку граѓаните кои исто така покажуваат голем интерес во решавање на овие проблеми. Она во што се слични двете групи

е нивното повикување за зајакнати инспекторски надзори и подигнување на граѓанската одговорност за анонимно пријавување на несовесни граѓани преку веб страна или социјални медиуми, со цел поголема транспарентност и јавна свест за загадувањето на животната околина.

Според првата активност на која се базира овој документ, односно директен мониторинг на политиките, проектите и документите на општината, но и интервјуа во општина Ново Село, и покрај тоа што нема посебен сектор за животна средина, заклучокот е дека општината спроведува активности за справување со еко проблемите во општина Ново Село.

# Препораки за мерки и предлог решенија

- Поради поголема достапност, промоција, но и транспарентност, потребно е брзо и лесно да може да се доаѓа до официјалната веб страна на општина Ново Село (novoselo.gov.mk) директно преку пребарување на било кој веб пребарувач, за разлика од тоа што сега, преку пребарување на клучни зборови за општина Ново Село, до официјалната страна се доаѓа преку веб страната на Агенција за Заштита на Правото на Слободен Пристап до Информациите од Јавен Карактер.

- За истата цел, потребно е употреба на медиуми преку кои општината би ги информирала своите граѓани за сите тековни и идни настани во самата општина, како што се социјалните мрежи, телевизија, радио и огласни табли поставени низ општина Ново Село, покрај користењето на веб страната novoselo.mk, склучувајќи ги и информациите поврзани со животната средина.

- Поради високиот степен на потреба за заштита на околината, потребно е да постои и посебен дел на веб страната каде би стоеле сите информации и соопштенија за проектите, акциите, како и алармите во моменти на достигнување на степен на загаденост на воздухот повисок од дозволениот.

- Потребно локалниот акционен план за животната средина во општина Ново Село да биде споделен со граѓаните во форма и начин кој ќе биде лесно разбирлив за нив со цел подобра и поефикасна заштита, како и да се повикаат на активно вклучување во изработка на истиот

  Потребно е веб станата да има посебно место кое ќе биде посветено на анкети за јавното мислење, како и место за пишување предлози, поради тоа што и покрај повикот на општината кон своите граѓани за јавен увид и консултација во

врска со одредени планови со животната средина (како планот за управување со животна средина - ПУЖССА), како и тоа дека има оставено контакти на веб страната за било какви прашања и проблеми, анкетата сепак покажува дека е потребно подобрување на условите за искажување на предлог мерки од страна на граѓаните.

- Поради тоа што и во оваа општина аерозагадувањето е издвоено како највисок проблем, потребно е поставување на мониторинг станица за квалитетот на воздухот, чии резултати ќе бидат лесно достапни и временско ажурирани.

- Со цел зголемување на активноста на општината Ново Село, како и нејзините граѓани, во врска со заштита на животната средина, потребно е вклучување во заеднички акции и проекти со околните општини.

- Со цел на достигнување на повисок степен на одговорност и транспарентност потребно е да постои и листа на загадувачи во која ќе стои кој е загадувачот и за какво загадување станува збор, која ќе биде јавно достапна. За истата цел, потребно е да им се овозможи лесен и едноставен начин на граѓаните да пријавуваат загадување на кое се сведоци.

- Потребно да се зајакнат капацитетите на жителите на општината преку организирање на редовни еколошки акции како и јавни трибини / настани преку кои жителите би се информирале запоголема мотивираност за учество на граѓаните, како и прифаќање на информациите добиени од средбите.

## Користена литература


- Анализа на анкетно истражување за состојбата на животна средина
- Извештај, тран скрипта и анализа на фокус група 1 и 2
- Извештај мониторинг
- Локален еколошки акционен план ЛЕАП 2024-2029
- План за управување со животната средина и социјалните аспекти - општина Ново Село
- Регионален план за управување со отпад
- Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за 2023 година
- Реконтрукција на парно греење во Дом на култура "Јане Сандански" - Ново Село
- https://www.novoselo.gov.mk/

Центар за истражување и анализи НОВУС –
Струмица
Ул. Васил Сурчев бр.56, Струмица
Е-пошта: contact@associationnovus.org
Веб адреса: https://associationnovus.org